Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11)„ како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по ликовно образование за VIII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

АДАПТИРАНА
НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО
ОШТЕТЕН ВИД

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, август 2014

## 1. ВОВЕД

Предметот ликовно образование претставува составен дел од концептот за деветгодишно основно образование. Се изучува како задолжителен предмет и во третиот период на основното образование, односно од VII до IX одделение со по еден час неделно, односно 36 часа годишно.

Ликовното образование нуди можност за стекнување трајни и употребливи знаења и вештини за ликовно изразување. Тоа им помага на учениците да го спознаат светот и да се интегрираат во него.

Преку наставата по ликовно образование се поттикнува психомоторниот, емотивниот и интелектуалниот развој на учениците, се развива нивната фантазија и чувството за естетско проценување. Ученикот/ чката учи да набљудува, да ги спознава уметничките вредности и да воспоставува врска со уметноста која ќе биде присутна во текот на целиот негов/нејзин живот.

Ликовното образование се темели на процесот на истражување и творештво. Тоа ги уважува и ги следи развојните фази на учениците за нивното ликовно изразување и творење. Од наставникот бара креативен и флексибилен пристап во реализацијата на наставата според интересот и способностите на учениците.

Предложените активности и методи во наставната програма овозможуваат интеграција на содржините на програмата по ликовно образование со содржините на програмите по другите задолжителни и изборни предмети.

## 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД VII ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да ги проширува своите знаења за ликовниот јазик и ликовното изразување;
- да развива интерес, фантазија и креативност за ликовно изразување;
- да ги изразува самостојно и слободно своите сознанија, чувства, доживувања и впечатоци, мисли и фантазија со помош на ликовниот јазик и творештво;
- да ги применува стекнатите знаења и вештини за ликовно изразување;
- да ги негува културно-хигиено-техничките и работните навики;
- да гради позитивен однос кон културното наследство од различни етнички заедници;
- да стекне основни познавања од историјата на уметноста и теоријата на уметноста;
- да ја восприема природата и средината во којашто живее како естетска вредност, инспирација за ликовно изразување и простор за ликовно делување;
- да го почитува своето и ликовното изразување на другите;
- да се ослободува од стрес, емоционална напнатост преку ликовно изразување;
- да ги проширува и применува знаењата во користењето на информатичката технологија во ликовното изразување.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да ги познава, идентификува и употребува ликовните елементи и принципи;
- идентификува и издвојува ликовни карактеристики во предметите и појавите;
- умее да користи различни ликовни материјали и техники во својот ликовен израз;
- да го употребува ликовниот јазик во претставување на сопствените мисли, емоции, сознанија и фантазија;
- да ги организира смислено и креативно ликовните елементи (линија, форма, боја, волумен, површина) во својот ликовен израз;
- да создава ликовно дело со употреба на класичните ликовни техики, фотографија, компјутерска графика;
- да се запознае со тродимензионалното ликовно изразување и да реализира статична и динамична скулптура, асемблаж, мобил;
- да употребува перспектива во ликовното изразување;
- да разбира што е план на сликата и кое е неговото влијание на целата ликовна композиција;
- да ги објаснува елементите на ликовниот јазик во композицијата во ликовните дела;
- да го истражува симболичкото и скриеното значење на делото;
- да препознава и именува автори од различни ликовни стилови;
- да го сфати значењето на ликовните дела од националното културното наследство, да го негува и почитува.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Цртање (ориентационо 8 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ги разбира и применува карактеристиките на тактилниот цртеж или модел како тактилна скица и како самостоен ликовен израз;<br>- да ги препознава и разликува различните видови на тактилни цртежи: колажиран со такитлен материјал цртеж, обоен (со боја помешана со песок) цртеж, цртеж-објект или модел;<br>- да препознава и разликува и разбере реален од илузија на простор;<br>- да препознава и разликува и разбере релативност на големините во ликовните дела;<br>- да се запознае ид а ги сфати начините на претставување на илузија на тродимензионален простор (преклопување, релативна големина, воздушна перспектива, линеарна перспектива);<br>- да претстави илузија на простор со користење на линии (од пластелин) со различна тонска вредност;<br>- да препознава и разбере што е реалистично и апстрактно претставување;<br>- да ги препознава познати уметници и | Ликовни елементи и принципи во цртањето<br><br>Средства за цртање (молив, туш, Фломастер, тактилни материјали..) и нивната употреба со акварел, гваш, колаж<br><br>Цртање/моделирање<br><br>Естетско проценување | -Тактилна скица;<br>- колажиран цртеж со одореден тактилен маматеријал;<br><br>-обоен цртеж со бои во кои има песок;<br><br>-цртеж-објект-модел;<br><br>-линеарна;<br>-перспектива;<br><br>-пропорции;<br><br>-портрет;<br><br>-шрафура;<br><br>-лавиран туш; | -Набљудуваперцепирање по тактилен пат на тактилни (релјефни) материјали и фотографии презентација на тродимензионален простор;<br><br>-Реализира цртеж-тактилен со примена на тактилна линиска перспектива;<br>-Реализира различни видови на тактилни цртежи: колажиран цртеж, обоен цртеж, цртеж-објект во претставување на илузија на простор- лавиран туш, бајц, сепија;<br>-Со визирање, кадрирање и пропорции реализира скица и цртеж со употреба на материал кој може такитлно да го перцепира на портрет, мртва природа, пејзаж (на пример во бојата додадава песок и кога ќе се исуши цртежот истиот може тактилно да го перцепира);<br>-Дискутира за реалистично од апстрактно претставување;<br>-Дискутира за основни елементи во делата на македонски и странски уметници.<br>Ученикот/ученичката се запознава со 3 автори од наведената листа (по избор на наставникот):<br>Автори:<br>Рембрант,Рафаело Санти, Андреа Мантења, Лука Сињорели, Доминик Енгр, Роберт Раушенберг, Жорж Брак, Макс Ернст, Пол Кле, Курт Швитерс, Родољуб Анастасов, Љубомир Белогаски, Димитар Манев. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| да участвува на ученички ликовни творби; | | | |

## Сликање (ориентационо 10 часа)

| *Цели* | Содржини | Поими | Методи и активности |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br>- да ги перцепирасо преостанатите сетила и анализира тонските вредности во непосредната околина, природата и уметничките дела;<br>- да реализира тонска скала со хроматски и ахроматски бои помешани со песок;<br>-да го разбере поимот тонско степенување;<br>- да стекне способности за претставување на моделација со употреба на тонско степенување;<br>- со градација на тон да реализира илузија на простор;<br>- да се запознае и примени постапки за претставување перспектива во индивидуалниот ликовен израз;<br>- да се запознае по тактилен пат со поимите симетрија / асиметрија;<br>- да ги воочува и разликува симетричните и асиметричните односи во својата околина и во уметничките дела;<br>- да се оспособи за креативна реализација на симетрија и асиметрија со примена на тонско степенување; | Средства за сликање и нивната употреба (темпера, гваш, акварел)<br><br>Ликовни елементи и принципи во сликањето ( тон, валер, рамнотежа, големина, простор)<br><br>Сликање<br><br>Естетско проценување | - тонско степенување<br>- моделација;<br>- валер;<br>- перспектива;<br>- рамнотежа;<br>- симетрија /<br>-асиметрија;<br>- динамика; | - Ги набљудува преку тактилно, аудитивно и мирисно перцепирање и препознава тонските вредности во непосредната околина;<br>- споредува карактеристики на реален простор и илузија на простор на уметничко дело;<br>- Реализира тактилна творба со примена на перспектива;<br>- Со тонската градација на бојата слика мотиви од природата;<br>- Слика пејзажи по набљудување, по сеќавање и фантазија со употреба на тонски вредности, преклопување на планови и релативност на големина;<br>- Запознава, креативно комбинира и користи нови техники и постапки за апликација на различни материјали во претставување на илузија на простор;<br>-Перцепира симетрија и асиметрија на конкретни предмети или модели;<br>- Перцепира и анализира односи на симетрија / асиметрија во околината и уметничките дела;<br>- Реализира симетрија и асиметрија со примена на тонско степенување;<br>- Анализира како пропорциите и валерот го определуваат значењето во уметничките дела;<br>Ученикот/ученичката со помош и под менторство на наставникот препознава тонски вредности, динамика, симетрија и асиметрија во уметничките дела на тројца македонски и странски уметници (според наведената листа по избор на наставникот):<br>Автори:<br>Леонардо Да Винчи, Рафаело Санти, Микеланџело Бунаороти, Франсоа Миле, Вилијам Тарнер, Питрер Бројгел, Оскар Шлемер, ЈанВермер, Камиј Писаро, Пол Сезан, Рене Магрит,Анселм Кифер, Клемнте, Ричард Принс,Димитар Пандилов Аврамовски, Љубомир Белогаски, Томо Владимирски, Лазар Личеноски, Димитар Кондовски, Душан Перчинков, Решат Амети, Нехат Беќири,Родољуб Анастасов; |

| Скулптура (ориентационо 6 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br>- го продлабочува сознанието за интерактивноста меѓу формата и просторот;<br>- користи симетрија и асиметрија во неочекувано ликовен израз;<br>- се запознава и разликува стабилна и мобилна скулптура;<br>- развива способност за креирање на линеарно скулпторско решение;<br>- го продлабочува сознанието за пропорцијата и нејзината улога во скулптурата;<br>-стекнува сознанија за користењето нестандардни материјали во скулптурата применувајќи конструирање, градење, аплицирање, редење;<br>- разликува монолитна маса од целина од повеке делови;<br>- ги воочува карактеристиките на различните скулпторски решенија;<br>- забележува дека мобилната скулптура поактивно го вклучува просторот во скулпторското дело; | Средства за моделирање / градење (материјали и техники)<br><br>Ликовни елементи и принципи во скулптурата (форма волумен, рамнотежа, движење, големина, простор, линија, композиција. ритам, боја, перспектива )<br><br>Моделирање/ Конструирање (Градење)<br><br>Естетско проценување на дела од скулптурата и ученички творби | - композиција<br>- маса и волумен<br>- линија<br>- полна пластика (линијски облик,<br>- плошноистенчен облик и др.)<br>- простор<br>- монумент | -Демонстрирање такитлно перцепирање на:<br>- мобилна и стабилна скулптура<br>- дела со нагласена симетрија и асиметрија;<br>- скулпторско решение кое нагласено го вклучува и артикулира просторот;<br>- линеарни решенија и начини на користење на линијата во скулптурата<br>- системи на конструирање, (аплицирање, прикачување)<br>- Моделира во глина плошно истенчен и линиски облик;<br>- Анализирање скулпторски решенија<br>-Посета на музеј со скулптури, или прошетка нап лоштадот и разговор за скулптурите.<br>- Твори по доживеано и по фантазија и ги користи сите претходно стекнати вештини и знаења за скулптурата;<br>Ученикот/ученичката се запознава со 3 автори од наведената листа (по избор на наставникот):<br>Автори:<br>Јордан Грабулоски, Драган Поповски - Дада, Васил Василев, Борис Николовски, Томе Серафимовски, ТомеАџиевски, Олга Милиќ, Праксител, Ѓанлоренцо Бернини, Хенри Мур, Алберто Џакомети, Осип Заткин, Роберт Смитсон, Наум Габо, ЕнтониКаро, Пол Макарти, Габриел Ороско, Синди Шерман, Аниш Капур |

| **Графика (ориентационо 6 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br>-да ги перцепира со преостанатите сетила тонските вредности во природата;<br>-да се запознае со техниките на длабок и рамен печат, нивната реализација и особености;<br>-да ги препознава и разликува техничките и ликовните квалитети на висок, рамен, длабок печат во уметничките дела;<br>-да се оспособи за техничка реализација на матрица за линогравура, сува игла или бакропис;<br>-да се оспособи да направи скица за длабок и рамен печат со помош на компјутер со вграден звучен програм;<br>-да се запознае со можностите и со постапките на примена на компјутерска графика во повеќе бои;<br>-да се запознае со графички отисоци реализирани во техника на длабок и рамен печат во повеќе бои;<br>-да ги разликува и вербално објаснува естетските и технички специфичности на графички отисоци во различни графички техники. | Средства за печатење<br><br>Ликовни елементи во графиката (линија, боја, тон, текстура, форма)<br><br>Графика<br><br>Естетско проценување на графички листови и ученички творби | - висок, длабок,<br>- рамен печат;<br>- линогравура;<br>- сува игла;<br>- бакропис;<br>- акватинта;<br>- колографија;<br>- компјутерска графика; | -Перцепирање со останатите сетила на непосредната околина и воочува тонски вредности;<br>- Запознавање со графичкиот материјал, алатот и помагалата за печатење на длабок и рамен печат;<br>-Демонстрирање и тактилно перцепирање на матрица и печатење на графички отисок во техника на длабок печат;<br>-Изработка на матрица за линогравура, сува игла или бакропис со различен интензитет и густина на линии и по можност ја отпечатува;<br>-Со комјутер со вграден звучен програм се изработува скица за определена графичка техника и ја отпечатува на печатач во повеќе бои;<br>Ученикот/ученичката ги анализира и објаснува постапките со кои се реализира графички отисок во повеќе бои од македонски и странски уметници (според наведената листа по избор на наставникот):<br>Автори:<br>Рембрант ван Ријн, Албрехт Дирер, Пабло Пикасо, Антонио Тапи, Роберт Раушенберг, Драгутин Аврамовски, Димче Николов, Димитар Малиданов, Фатмир Крупа, Сокол Беќири,Симон Шемов/ |

| Дизајн и визуелни комуникации (ориентационо 6 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се запознае со поимот на златен пресек и да го препознава во уметнички дела;<br>- да ги разликува поимите секвенца и кадар и нивното значење во реализација на фотографија и филм;<br>- да се запознае со значењето на фотографијата како самостоен ликовен израз;<br>- да ја разбира употребата на фотографија во функција на ликовно-дизајнерски решенија (плакат, омот, амбалажа, реклама...); | Ликовни елементи и принципи во дизајнот и визуелните комуникации<br><br>Дизајн<br><br>Визуелни комуникации<br><br>Естетско проценување | -златен пресек<br>- секвенца;<br>- кадар;<br>- дигитална<br>-фотографија;<br>- индустриски и<br>-графички дизајн; | - разгледува или дискутира со наставникот за ликовни дела и го анализира значењето на златниот пресек;<br>- работа во пар: слабовиде со слеп ученик-реализирање дигитални фотографии со кадрирање;<br>- применува тактилна фотографијата изработена на swell touch машина во реализација на творба по сопствен избор (плакат, омот, амбалажа, реклама ...);<br>- со тактилна фотографија изработена на swell touch машина и различни постапки (скенирање, рекомпонирање, обработка...) реализира дизајнерско решение;<br>- изработува тактилна скица и макета за сценографија;<br>- реализира скици за костимографија на одредена претстава;<br>- го анализира и објаснува влијанието на средината, историскиот период и естетските карактеристики врз различни дизајнерски решенија;<br>Ученикот/ученичката се запознава со 3 автори од наведената листа (по избор на наставникот):<br>Автори:<br>Енди Ворхол, Мен Реј, Ричард Хамилтон, Роберт Мапелтроп, Жан Пол Готје, Благоја Дрнков, Милтон Манаки, Александар Цветковски, Ладислав Цветковски, Константин Танчев-Динка |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини од предметот ликовно образование даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со останатите наставни предмети. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.
Во време кога е огромна застапеноста на визуелни информации со различна вредност во секојдневниот живот, ликовното образование треба да понуди наставни содржини и нагледни средства, кои овозможуваат стекнување на знаења, способности и комепетнции во ликовното изразување. Предложениот список на автори во секое ликовно подрачје претставува насока за избор на квалитетни примери кои наставникот треба да ги користи во наставниот процес.

Користење на примери на авторски дела од историјата на ликовната уметност и современото ликовно творештво е неопходно во реализацијата на секоја наставна содржина во сите ликовни подрачја за овозможување на соодветна визуелна компаративност и јасност на наставнита содржини,
Изборот на примери што ќе се користат при реализирањето на наставните содржни ги определува самиот наставник.

Годишен фонд на часови:

| | ТЕМИ | Број на часови |
|---|---|---|
| 1. | Цртање | 8 часа |
| 2. | Сликање | 10часа |
| 3. | Скулптура | 6 часа |
| 4. | Графика | 6 часа |
| 5. | Дизајн и визуелни комуникации | 6 часа |
| Вкупно: | | 36 часа |

* Забелешка: Бројот на часовите е даден ориентационо.

Наставни средства:

- разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
- дидактички средства и материјали;
- визуелни тгактилни и аудитивни средства (предмети од непосредната околина, репродукции, детски творби, апликации и сл.);
- слајдови, сликовници, списанија и сл.;
- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД-плеер, видео-плеер, дигитален фотоапарат, дигитална камера, мобилен телефон, компјутер и други средства зависно од предметот).
- Интернет, образовни софтвери.

**6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ**

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, колективната соработка и сл. (формативно оценување).
Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето. На крајот на наставната година се изведува само бројчена оценка.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со Решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во VIII одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Факултет за ликовни уметности – педагошки оддел
- Факултет за ликовни уметности – со дополнително положено група педагошки предмети
- Дополнителна дефектолошка доообразба.

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Адаптираната наставната програма по ликовно образование за VIII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна наставна програма за девтегодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Бр. 11-15636/1
30.09.2014 година

Министер

____________________________
Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор Зоран Мазновски, советник
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор